АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; Е-маил: conevskig@t.mk

Адвокат Гоце Цоневски;Адвокат Александра Тасева;Адвокат Марија Тодоровска;
Адвокат Матија Витанова Николеска: Адвокат Рахела Цоневска

ОСНОВЕН СУД ШТИП
29. ноември 2021
2
к рачр
Пот. 14:10

Врска: П4 бр.78/15

ДО: ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП

ВНИМАНИЕ:ВРЕМЕНА МЕРКА

ТУЖИТЕЛ: Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕН : 1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk,
2. Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458,00 евра

П Р Е Д Л О Г
ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА
СО
ПРЕДЛОГ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА
СО
БАРАЊЕ ЗА ИЗЕМАЊЕ НА СУДИЈА

ОД ТУЖЕНИОТ Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип,
преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1

Пред Основниот суд Штип се водеше постапка по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, со живеалиште во Германија против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра.

Со Пресуда П-4 бр.40/14 од 30.01.2015 година, Основниот суд во Штип го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, Руска Федерација, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 207.060,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник поднесоа жалба проив истата, по сите жалбени основи, а со Решение ГЖ-535/15 од 13.10.2015 година, Апелациониот суд во Штип ја уважи жалбата на тужените, ја укина првостепената пресуда и предметот го врати на првостепениот суд на повторно судење, со јасни напатствија за тоа кои дејствија треба да ги превземе првостепениот суд со цел да ги отстрани направените суштествени повреди на одредбите од парничната постапка, целосно и правилно да ја утврди фактичката состојба и правилно да го примени материјалното право.

Во повторното судење, непочитувајки ги напатствијата на второстепениот суд, **Основниот суд во Штип** повторно донесе идентична незаконита **Пресуда П4-78/15 од 18.01.2016 година**, со која повторно го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му надоместат штета во износ од 1.915.458,00 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник повторно поднесоа жалба против истата, по сите жалбени основи.

Со Пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, Апелациониот суд во Штип **ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи** Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и **го одби како неосновано тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата, како и да му ги надоместат трошоците во постапката во износ од 268.080,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година, тужителот поднесе Ревизија до Врховниот суд на Република Македонија, а со Решение Рев2.бр.180/2017 Врховниот суд на Република Македонија ја усвои ревизијата, ја укина пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-380/16 од 23.12.2016 година и предметот го врати на второстепениот суд на повторно одлучување.

По повторното судење, со Пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, Апелациониот суд во Штип, повторно **ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи** Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и **го одби како неосновано тужбеното барање** на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458,00 евра со камата, а воедно го задолжи тужителот да им ги надомести на тужените трошоците во постапката во износ од 167.836,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, тужителот повторно поднесе Ревизија до Врховниот суд на Република Северна Македонија. Постапувајќи по поднесената Ревизија од тужителот, Врховниот суд на РСМ со Решение Рев2.бр.463/2019 од

27.01.2021 година ја усвои ревизијата, ја укина пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година и предметот го врати на второстепениот суд на повторно одлучување.

При повторното судење Апелациониот суд Штип наспроти сите претходно донесени одлуки во врска со истата правна работа, донесе одлука која е целосно спротивна на претходните второстепени одлуки иако е одлучувано врз основа на истите факти и докази, конкретно ја донесе **Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година** со која ја одби жалбата на тужените Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип како неоснова **и ја потврди Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година** на Основниот суд Штип.

Првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, поднесува Предлог за повторување на постапката **врз основа на член 392 став 1, точка 5 и 9 од ЗПП** и му предлага на судот да го уважи Предлогот и да ја повтори постапката П4-78/15 на Основниот суд во Штип, поради следното:

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Тужителот поднесе тужба против тужените за надомест на долг затоа што наводно, постапувајќи по Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год. склучен помеѓу тужителот Владислав Втулкин и лицето Ристе Љуботенски, тој како физичко лице извршил лични вложувања или плаќања во вкупен износ од 1.915.458,00 евра, од кои износ од 1.646.796,00 евра према према фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија, за плаќање на опрема и машини кои биле испорачани кај тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Друштвото ИМАКО ДОО Штип, како и износ од 266.164,00 евра како повеќе платен аванс за извоз на вино. Како доказ, тужителот достави Извештај за констатирана состојба изготвен од Економско-правно биро КОМПАНИЈА НМ, заверен под број 247/13 од 10.10.2013 година.

Тужените во одговор на тужба истакнаа дека тужителот воопшто не постапил согласно правата и обврските утврдени во наведениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год. и дека по тој основ, тужителот лично-како физичко лице, не уплатил-вложил-инвестирал ниту едно евро во било кое од двете тужени правни лица. Достави повеќе докази меѓу кои и вештачење изготвено од вештото лице доц.д-р Јанка Димитрова, кое судот не го прифати затоа што од истото не се гледал износот на вложените средства на секоја од странките, ниту пак се гледало од чии средства е платена опремата, машините и сл.

Основниот суд во Штип со пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година и Апелациониотсуд во Штип со пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, го усвоиле тужбеното барање и утврдиле дека тужителот Владислав Втулкин од Русија, вршел лични плаќања односно со свои сопствени средства во вкупен износ од 1.915.458,00 евра, од кои износ од 1.646.796,00 евра према према фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија, за плаќање на опрема и машини кои биле испорачани кај тужените Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Друштвото ИМАКО ДОО Штип, како и износ од 266.164,00 евра како повеќе платен аванс за извоз на вино, што пак според двата суда, значело дека овие плаќања претставуваат исполнување на обврските и правата на тужителот Втулкин утврдени во Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год. склучен помеѓу тужителот Владислав Втулкин и лицето Ристе Љуботенски.

Видно од двете пресуди, за двата суда, решителни факти при одлучувањето биле фактите а) дали за набавка на наведените машини и опрема од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија плаќањата ги извршиле во целост самите тужени или дел од плаќањата како лични вложувања во двете тужени друштва извршил тужителот Втулкин, и б) дали износите наведени во Извештајот за

констатирана состојба кои ги извршил тужителот Втулкин за набавка на наведените машини и опрема од овие фирми, произлегуваат или се во врска со исполнување на правата и обврските на договорните страни утврдени во **Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год.**

Единствен доказ врз основа на кој двата суда ја утврдиле ваквата фактичка состојба и ги донеле цитираните пресуди, претставува **Извештајот за констатирана состојба изготвен од Економско-правно биро КОМПАНИЈА НМ, заверен под број 247/13 од 10.10.2013 година** по барање на полномошникот на тужителот, (**вклучително и дописите од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија**, наведени во Извештајот) на кој двата суда му поклонуваат целосна верба, давајќи му дури правна важност како да е јавна исправа - вешт наод и мислење, погрешно утврдувајќи дека: " *тој извештај е изготвен по налог на судот во постапка за изведување на докази и од вештаци – стручни лица кои што судот ги определил, па тој извештај може да послужи за утврдување на фактичката состојба во овој предмет*" ..... и дека потврдите од две фирми од Италија и една од Бугарија ..... "*потврдуваат дека тужителот за тужените вршел уплата за набавка на опрема, а дека тие се вистинити односно можат да послужат како доказ произлегува и од ..... извештајот за констатирана состојба*..... ".

Меѓутоа, по добивањето на второстепената пресуда, туженият се стекна со можност да употреби нови факти и докази врз основа на кои за туженият може да биде донесена поповолна одлука доколку овие докази и факти биле употребени во поранешната постапка (чл.392 ст.1 т.9 од ЗПП).

Имено, туженият **доби сознанија за факти, кои беа потврдени и со нови докази**, за тоа дека:

- Извештајот за констатирана состојба **воопшто не е анализиран и воопшто не се споменува Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год.**
- износите наведени како вложувања во Извештајот-вклучително и дописите од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија, наведени во Извештајот, **воопшто не произлегуваат ниту имаат било каква поврзаност со Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год.** бидејќи не е наведено дека било кое плаќање-вложување на тужителот е во врска со Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 13.11.2004 год. односно дека овие плаќања-вложувања ги врши согласно неговите права и обврски утврдени во наведениот договор;
- Извештајот не е изготвен во согласност со стандардите за утврдување настан за исплата според стандардите за финансиско работење, Правилникот за водење на сметководство и според задолжителните меѓународни станадарди за финансиско известување МСФИ;
- Извештајот не е соодветен и не може да претставува веродостоен доказ во судска постапка (вистинита исправа) за факти дека се вршени исплати кои произлегуваат од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка;
- Извештајот не може да претставува вешт наод и мислење во судска постапка;
- лицата Зоран Младеновски и Климент Стојановски наведени како вешти лица во записникот на ВПП 2 Г- 11/13 од 14.05.2013 година кои присуствувале на увидот, не се регистерирани како вешти лица од областа за материјално-финансиско работење, овие лица не се потпишани во Извештајот за констатирана состојба од септември 2013 година, а лицето Надица Младеновска Крцкоска, управител на Економско правно биро Компанија Н.М. не е регистрирана како вешто лице од областа за материјално-финансиско работење и немала лиценца;
- Извештајот за констатирана состојба не е составен согласно Правилата на струката за економското-финансиско работење, и не може да биде наменет за корисници во судска постапка (судија, странки);

- Дописите од двете италијански и едната бугарска фирма, како и финансиските информации во врска со нив содржани во Извештајот за констатирана состојба од 2013 година, не се веродостојни сметководствени документи: согласно правилата за квалитет на мерење од МСФИ и не претставуваат економски веродостојни сметководствени документи за економска обврска за вложувања од основачи и за настанато плаќање по Договор Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година, за да можат да бидат признаени како капитално вложување – обврска согласно МСФИ;

- вештиот наод од Биро за судски вештачења СВ I 32/2015 од 09.07.2015 година по содржина и форма е усогласен со правилата за вештачење од областа на економско финансиско материјално работење и стручните знаења и искуства, односно со правилата на струка на МСФИ:

- во книговодствената документација на Имако Вино и Имако ДОО, не постои одлука или договор во кој е јасно изразена волјата на содружникот Ристе Љуботенски, ниту постои книговодствено признавање на обврска на капитални вложувања на износите наведени во писмата и во извештајот за констатирана состојба од 2013 година, како и признавање на истите по други основи (залог, заем, конверзија и сл.), односно дека износите во писмата претставуваат вложувања на Втулкин во врска со Договорот Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година;

- во периодот од 2003 до 2013 година во книговодствената документација на друштвата Имако Вино и Имако ДОО нема економски расходи, ниту резервации на идни обврски за настаната исплата по основ на Договорот од 2004 година, ниту пак има исплати на име трошоци за ангажиран ревизор од лицето Втулкин за остварување на неговото право на ангажирање ревизор согласно член 229 од ЗТД.

Овие факти произлегуваат од следните <u>НОВИ ДОКАЗИ</u> :

1. Барање за изготвување на вешт наод и мислење до МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ - Скопје, од 16.06.2021 год.
2. Вешт Наод и Мислење Бр. В-005/2021 од МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ Скопје, од 29.06.2021 година, изготвено од вешто лице Антонио Георгиев дипл.економист, со лиценца бр. 08-3774/2;
3. Барање за изготвување на вешт наод и мислење до ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ од Радовиш од 18.06.2021 год.
4. Вешт наод и мислење од 21.06.2021 год. од ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ - вешто лице Проф. д-р Јанка Димитрова, со лиценца бр. 08-1448/2;
5. Тековна состојба од Економско правно биро КОМПАНИЈА НМ од 16.06.2021 год.
6. Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749 /2 од 21.06.2021 година
7. Изјава од Управителот Никола Љуботенски од 21.06.2021 година заверена на нотар Ленче Каранфиловски-Заменик нотар Горан Каранфиловски од Штип УЗП бр. 6578/2021 година од 22.06.2021 година,
8. Изјава од Верица Љуботенска од 21.06.2021 година заверена на нотар Ленче Каранфиловски-Заменик нотар Горан Каранфиловски од Штип УЗП бр. 6579/2021 година од 22.06.2021 година,
9. Изјава од Основачот Ристе Љуботенски од 21.06.2021 година заверена на нотар Ленче Каранфиловски-Заменик нотар Горан Каранфиловски од Штип УЗП бр. 6581/2021 година од 22.06.2021 година,
10. Изјава од Слободан Стојанов од 21.06.2021 година заверена на нотар Ленче Каранфиловски-Заменик нотар Горан Каранфиловски од Штип УЗП бр. 6580/2021 година од 22.06.2021 година
11. Финансиско известување од Слободан Стојанов, ТП Книговодствено биро Слободан С. Стојанов од 21.06.2021 година.

12. **НАОД И МИСЛЕЊЕ СВ I 32/2015** од Министерството за правда-Биро за судски вештачења Скопје, со датум на изработка **09.07.2015 година**, изготвено од вештите лица Кире Костов, Марина Кралева Клампфер и Лилјана Костадинова – сите дипломирани економисти со важечки лиценци.

-Новиот факт дека исплатите од писмата и извештајот на Втулкин дека не се во врска со Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година, произлегуваат од новиот доказ - Вешт Наод и Мислење од МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ Скопје, В-005/2021, врз основа на книговодствена документација, споредбено со исполнувањата на тој договор во сметководствената и финансиска документација на Имако и сметководствено признавање на обврски на основачот, како и новиот факт дека Извештајот за констатирана состојба не бил изготвен од лицата наведени во Записникот ВПП од 2013 година, дека лицето кое се потпишало не е вешто лице, произлегуваат од ова **истиот нов Вешт наод и мислење** од МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ ДООЕЛ Скопје, В-005/2021, како и од **Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749 /2 од 21.06.2021 година**, а новиот факт дека лицето Втулкин не пријавил во сметководството на Имако исплата на документи со кои ккако основач бара да се признаат за негови вложувања произлегува од **Изјавата** на екстерниот сметководител - лицето Слободан Стојанов од 21.06.2021 година, како и Финансиско известување од истото лице од 21.06.2021 година.

Новиот факт дека лицето потписник на Извештајот од Компанијата НМ и лицата кои во Записнкот ВПП од 2013 година се наведени како вешти лица, (кои всушност воопшто не се вешти лица од областа на материјално финансиско работење, а нивните исправи не е дозволено да се сметаат за вештачења од судска постапка), произлегува од **Одговор на барање од Министерство за правда бр. 08-1749 /2 од 21.06.2021 година**, со кој се потврдува дека овие лица никогаш не биле запишани во регистарот на вешти лица.

Со овие нови факти, се потврдува дека би произлегла сосема друга фактичка состојба која би довела до донесување на вистинска и правилна одлука за неоснованост и безпредметност на тужбата, односно за немање активна легитимација и правен интерес на тужителот за тужбеното барање.

Исто така, со овие факти се утврдува дека тужителот нема вина бидејќи лицето Втулкин никогаш не му доставил на управителот свои писмена или исплатни документи за да се евидентира обврска во Имако за негово вложување по основ на тие исплати по Договорот за деловно техничка и финансиска соработка од 2004 година. Дополнително, судот воопшто нема докази за тоа дека тужениот намерно или со крајно невнимание ги повредувал правата и обврските од договорот, дека не му ги признавал исплатите или дека ги сокрил или пак ги примил, а не ги внел. Ова дотолку повеќе што, **постојат релевантни докази за тоа дека сите износи на име плаќање за опрема се извршени од страна на Имако, преку Стопанска Банка на трите странски фирми директно од свои сметки со исплати од банка, што е согласно прописите за платен промет**. Па хипотетички, доколку навистина за истата опрема платил и Втулкин (за што не постојат веродостојни документи за плаќања извршени преку банки) во таков случај Втулкин треба таквите евентуални плаќања да си ги бара назад од наведените фирми од Бугарија и Италија, по основ неосновано збогатување на добавувачот. Впрочем, вината може да се бара единствено кај Втулкин, кој никогаш од основачот Ристе Љуботенски не добил одобрување или согласност за да се изврши било какво плаќање за набавка на било какви машини или опрема, па според паричниот тек на уплати и исплати, влезови на сметките на тужените друштва, јасно произлегува дека парите за целата опрема од свои тековни приливи си ги исплатил Имако (тужените), а не од дополнителни уплати, позајмици, донации и слично, било од Втулкин, било од Ристе Љуботенски или од било кое друго лице, во периодот од 2003 до 2013 година.

Воедно, од новите докази јасно може да се утврди дека тужителот Втулкин никогаш не побарал извештаи или било какви информации за работењето на друштвата или за упис на

негови наводни вложувања во двете друштва (тужените). Во овој контекст, согласно одредбите од ЗТД за заштита на правата на сопствениците на удели, Втулкин имал право но и должност, да ангажира и ревизор кој по негов налог би вршел ревизија над работата на друштвото по што би му доставил Извештај, но такво нешто тужителот Втулкин никогаш не побарал.

ДОКАЗ: Вешт Наод и Мислење од МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ ДООЕЛ Скопје, В-005/2021 од 28.06.2021 година,

Несомнен **НОВ ФАКТ** за тоа дека плаќањата за набавка на наведените машини и опрема од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Бугарија ги извршиле во целост самите тужени, а не тужителот Втулкин, како и за тоа дека писмата упатени до двете странки (тужителот и тужените) од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Бугарија, не претставуваат финансиски докази за плаќање, претставува и вештачењето односно фактите утврдени во **НАОДОТ И МИСЛЕЊЕТО СВ I 32/2015 од Министерството за правда-Биро за судски вештачења Скопје, со датум на изработка 09.07.2015 година, изготвено од вештите лица Кире Костов, Марина Кралева Клампфер и Лилјана Костадинова – сите дипломирани економисти со важечки лиценци.**

Напоменувам дека овој доказ не е доставен со Одговорот на тужба (поднесен на 14.11.2013 година) туку туженият го достави до Апелациониот суд во текот на жалбената постапка-со поднесок после доставената жалба, со образложение дека овој доказ не само што не биле во можност да го достават со Одговорот на тужба, ниту со жалбата, бидејќи е изработен и доставен две години подоцна, односно на 09.07.2015 година.

Меѓутоа, со оглед на тоа што овој доказ Апелациониот суд во Штип не го дозволи и не беше изведен во постапката затоа што не е доставен во роковите утврдени во член 235 ст.1 од ЗПП (со Одговорот на тужба), го доставуваме во прилог на Предлогот како **НОВ ДОКАЗ**.

Напоменувам дека овој вешт наод и мислење не претставува вештачење изготвено по барање на странките во смисол на одредбите од член 235 од ЗПП, туку претставува нов доказ, бидејќи е изготвен во кривична постапка, по барање на ОЈО Штип, по поднесена кривична пријава од тужителот во овој предмет против законскиот застапник и содружник на тужените во овој предмет, за утврдување на истите околности и факти кои се предмет и на оваа граѓанска постапка.

Но, со оглед на тоа што воопшто не беше прифатен и изведен како доказ во претходната парнична постапка, туженият стекнува право да го поднесе како НОВ ДОКАЗ во Предлогот за повторување на постапката, согласно одредбата од член 392 ст.1 т.9 од ЗПП.

НОВ ДОКАЗ : НАОД И МИСЛЕЊЕ СВ I 32/2015 од Министерството за правда-Биро за судски вештачења со датум на изработка 09.07.2015 година.

Со оглед на тоа што смета дека судиите Солтир Ташков (како претседател на советот кој постапуваше во првостепената постапка) и судиите Сузана Здравева, Кирче Донев и Мирјанка Гоцевска Стефановска (кои постапувале во второстепената постапка) лицето Ристе Љуботенски во својство на содружник на Друштвото Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, поднесе Претставка до Републичкиот судски совет, а самиот најавува и дека против истите ќе поднесе и Кривична пријава.

НОВ ДОКАЗ: Претставка до РСМ – Судски совет на РСМ од Ристе Љуботенски од 22.06.2021 година

Напоменувам дека новите докази ги доставуваме во рокот утврден во член 394 став 1 точка 6 од ЗПП .

Врз основа на наведените факти содржани во новите докази кои ги доставуваме во прилог, несомнено може да се утврди **сосема поинаква фактичка состојба**, од онаа која ја утврдил првостепениот суд во поранешната постапка, а ја потврдил и второстепениот суд.

Имено, од овие нови докази неспорно произлегува дека побарувањето на тужителот е во целост неосновано, дека за разлика од тужителот (како физичко лице) кој не доставил ниту еден единствен веродостоен доказ за извршени лични уплати на наведените енормни износи од 1.915.458,00 евра преку банка или друга финансиска институција, од новите докази приложени кон Вешт Наод и Мислење од МИСА ФАЈНАНС ДООЕЛ ДООЕЛ Скопје, В-005/2021, од наводите и доказите содржани во НАОДОТ И МИСЛЕЊЕТО СВ I 32/2015 од Министерството за правда-Биро за судски вештачења Скопје, со датум на изработка 09.07.2015 година, како и од другите нови докази доставени со овој Предлог, во контекст на другите докази доаставени од страна на тужените во поранешната постапка, **неспорно се докажува дека наведените износи за купување на опрема, машини и сл. во целост ги извршиле тужените друштва, а тужителот Втулкин не само што не изршил ниту една уплата со лични средства, на ниту едно евро, туку и некогаш не се интересирал за работењето на друштвата, не барал извештаи за работа, за упис на негови вложувања и сл.**

Врз основа на изнесеното, му предлагаме на судот по приемот на Предлогот да закаже и одржи рочиште на кое ќе ги изведе предложените нови докази и во смисол на одредбите од член 398 од ЗПП, ќе донесе Решение со кое ќе дозволи повторување на постапката и ќе изрече дека се укинуваат горенаведените пресуди.

Воедно, му предлагам на судот по одржувањето на нова главна расправа, да донесе пресуда со која тужбеното барање на тужителот ќе го одбие во церлост како неосновано и ќе го задолжи тужителот да му ги надомести на туженият трошоците во постапката.

II. Во контекст на деталното образложение во Предлогот за повторување на постапката, а особено имајќи предвид дека првостепената Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година е правосилна и извршна, при што со самото извршување на истата би настанала енормна ненадоместлива штета на првотуженият, а ценејќи го фактот дека тужителот е странец, што значи побарувањето ќе се наплати во странство, согласно член 35 став 1,2 и 3 и член 36 а во врска со член 33 став 3 од Законот за обезбедување на побарувањата, првотуженият поднесува и:

ПРЕДЛОГ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНА МЕРКА

Со Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година, Основниот суд го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин, при што ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му надоместат штета во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Првостепената пресуда е потврдена со второстепената Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип.

Во врска со наведените пресуди, покрај тоа што се исполнети условите за повторување на постапката, во конкретниот случај се исполнети и условите за издавање на привремена мерка

и тоа условите согласно член 35 став 1,2 и 3 а вв со член 33 став 3 од Законот за обезбедување на побарувањата.

1.Имено, во член 35 став 1 од Законот за обезбедување на побарувањата е предвидено дека ***за обезбедување на непарично побарување може да се дозволи привремена мерка ако доверителот го сторил веројатно постоењето на побарувањето и опасноста дека инаку остварувањето на побарувањето ќе се осуети или значително отежне.***

Во конкретниот случај, од деталната експликација дадена во Предлогот за повторување на постапка од кој **неспорно може да се утврди дека се исполнети сите законски услови за да биде повторена постапката по предметот П4-78/15 пред Основен суд Штип, сторено е веројатно постоењето на непаричното побарување.**

Но, во конкретниот случај укажувам дека Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип е правосилна и истата може да биде предмет на извршување, со оглед да Предлогот за повторување на постапката не го запира извршувањето, при што со истата, имајќи предвид дека второтуженият е избришан од централниот регистар, првотуженият е задолжен да исплати енормен износ од 1.915.458 евра со домицилна камата.

Во контекст на наведеното, **неспорно е дека доколку дојде до извршување на првостепената пресуда со наплата на енормниот износ, првотуженият ќе претрпи ненадоместлива штета на начин што сметката на првотуженият ќе биде блокирана, истиот нема да може да ги плаќа тековните обврски за да се обавува редовниот производен процес, со што ќе настане прекин на работниот процес и вработените ќе останат без работа, а сметката ќе биде блокирана повеќе од 45 дена поради што врз првотуженият ќе биде отворена стечајна постапка.** Воедно, доколку биде усвоен Предлогот за повторување на постапката, а веќе се спровело извршување врз основа на предметната првостепена пресуда, значително ќе биде отежнат процесот на поврат на наплатените средства од тужителот кој е странско физичко лице од Москва-Руска Федерација, а со наводно живеалиште во Германија, односно постои огромна опасност дека првотуженият нема да може никогаш да изврши поврат на овие средства.Овие факти се неспорно утврдени и детално елаборирани во Вештиот наод и мислење изработено од вештото лице Проф. д-р Јанка Димитрова, кој е доставен како доказ на предлот за привремена мерка.

Имајќи ги предвид сите погоре образложени факти неспорно е дека се исполнети условите од член 33 став 1 од Законот за обезбедување на побарувањата, да се издаде привремена мерка со која ќе му се забрани на тужителот и неговите полномошници да покренуваат било каква постапка за извршување врз основа на предметните првостепена и второстепена пресуда.

2.Во член 33 став 2 од Законот за обезбедување на побарувањата е предвидено дека ***привремена мерка може да се дозволи и кога доверителот стори веројатно дека мерката е потребна за да се спречи употреба на сила или настанување на ненадоместлива штета.***

Во конкретниот случај, доколку дојде до извршување на правосилната Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип ќе настане **ненадоместлива штета** за првотуженият кој факт како неспорен е констатиран од вешто лице Проф. д-р Јанка Димитрова во Вештиот наод и мислење од 21.06.2021 година.

Имено, вештото лице кое е дипломиран економист неспорно констатира дека за нормално одвивање на деловните активности на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип му се неопходни 15.907.403,00 денари месечно. При анализа на паричните приливи во текот на 2020 година, констатирано е дека истите изнесувале 203.254.012,00 денари на годишно ниво, односно 16.937.834,00 денари просечно на месечно ниво. Остатокот на средствата (без да се направат дополнителни инвестиции за проширување на дејноста на друштвото), просечно месечно е 967.432,00 денари (16.937.834,00 ден. - 15.907.403,00 ден.).

Доколку се спроведе извршување на правосилната Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип, сметката на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип ќе

биде блокирана, што значи дека нема да може да ги плаќа тековните обврски за да се обавува редовниот производен процес, нема да може навремено да ги исплаќа пристигнатите побарувања на повеќе доверители (меѓу нив и околу 1.500 лозари-кооперанти кои имаат потпишано договори со првотуженият за снабдување со грозје), **со што ќе настане ненадоместлива штета во поглед на прекин на работниот процес и вработените ќе останат без работа . Притоа, сметката на првотуженият ќе биде блокирана повеќе од 45 дена и врз Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ ќе биде спроведена стечајна постапка.**

ДОКАЗ: Вешт наод и мислење од 21.06.2021 год. од вешто лице Проф. д-р Јанка Димитрова, со лиценца бр. 08-1448/2 .

Согласно на наведеното, сметам дека се исполнети сите законски услови од **член 35 став 2 од Законот за обезбедување на побарувањата** да се издаде привремена мерка со која ќе му се забрани на тужителот и неговите полномошници да покренуваат било каква постапка за извршување врз основа на предметните првостепена и второстепена пресуда.

3. Согласно **член 35 став 3 од** Законот за обезбедување на побарувања е предвидено дека ***одредбите од членот 33 ставивите 2 и 3 на овој закон се применуваат и на привремената мерка за обезбедување на непарично побарување,*** а во член 33 став 3 од истиот закон е предвидено дека ***се смета дека опасност постои ако побарувањето би требало да се оствари во странство.***

Во конкретниот случај, тужителот е странско физичко лице од Москва - Руска Федерација, а со наводно живеалиште во Германија, па доколку биде усвоен Предлогот за повторување на постапката, а веќе се спровело извршување врз основа на предметната првостепена пресуда, значително ќе биде отежнат процесот на поврат на наплатените средства од тужителот, односно постои огромна опасност дека првотуженият никогаш нема да може да изврши поврат на овие средства.

Овој факт е утврден и во Вештиот наод и мислење изработено од вештото лице Проф. д-р Јанка Димитрова. Имено, вештото лице во вештиот наод јасно укажува на фактот дека **доколку во повторената постапка по предметот П4-78/15 биде донесена Пресуда во корист на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, враќањето на средствата би било по истата постапка односно со извршно решение за враќање на средствата, но со оглед на тоа што Владислав Михаилович Втулкин е странско физичко лице од Москва – Руска Федерација, постои опасност побарувањето да не може да се изврши** како што е пропишано во член 33 став 3 и член 35 став 3 од Законот за обезбедување на побарувањата.

Согласно на наведеното во овој случај се исполнети и условите од член **35 став 3 вв со член 33 став 3 од Законот за обезбедување** на побарувањата да се издаде привремена мерка со која ќе му се забрани на тужителот и неговите полномошници да покренуваат било каква постапка за извршување врз основа на предметните првостепена и второстепена пресуда.

Поради гореизнесеното, сметам дека се исполнети законските услови да се дозволи Привремената мерка заради обезбедување на непаричните побарувања на првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип како доверител, согласно член 35 став1,2 и 3 и член 36 став 1 точка 3 вв со член 33 став 3 од од Закон за обезбедување на побарувањата, па му предлагам на насловниот суд да го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УВАЖУВА предлогот на Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип.

МУ СЕ ЗАБРАНУВА на тужителот **Владислав Михаилович Втулкин** од Москва-Руска Федерација, лично или преку неговиот полномошник Адвокат Ненад Јанакиевиќ од

Скопје, вклучително и вработените во неговата адвокатска канцеларија, или преку било кој друг полномошник-адвокат, да поднесе до надлежен извршител Барање за извршување на првостепената Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година на Основен суд Штип и второстепената Пресудата ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година на Апелациониот суд Штип и да превземе било какви извршни дејствија за спроведување на извршување врз основа на наведените пресуди, се до правосилно завршување на постапката по Предлогот за повторување на постапката по предметот П4-78/15 кој се води пред Основен суд Штип, а доколку веќе е поднесено Барање за извршување на врз основа на наведените пресуди, МУ СЕ НАЛОЖУВА на Владислав Михаилович Втулкин од Москва- Руска Федерација, како и на неговиот полномошник ангажиран за постапката за извршување, да го повлече таквото Барање за извршување.

Привремената мерка за обезбедување на побарувањето да трае се до правосилно завршување на постапката по Предлогот за повторување на постапката по предметот П4-78/15 кој се води пред Основиот суд во Штип.

Жалбата не го одлага извршувањето на ова решение.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот како должник да му ги надомести на првотуженият како доверител трошоците во оваа постапка.

III. <u>БАРАЊЕ ЗА ИЗЗЕМАЊЕ :</u>

Согласно член 64 став 1 точка 6 од ЗПП, а во врска со член 66 и 67 од ЗПП, со оглед дека постојат околности кои ја доведуваат во сомнение непристрасноста на **Судијата Солтир Ташков** од Основен суд Штип кој судеше како Претседател на совет во постапката по предметот П4-78/15 пред Основен суд Штип, **БАРАМЕ ИСТИОТ ДА БИДЕ ИЗЕМЕН** да постапува по Предлогот за повторување на постапката по предметот П4-78/15 со Предлог за издавање на привремена мерка поради следното:

Имено, одредени дејствија превземени од Судијата Солтир Ташков во врска со конкретниот предмет П4-78/15 како и носењето на одлуки спротивни на јасните и прецизните законски одредби, со давање на небулозни и нелогични објаснувања (особено ставот на истиот судија дека тужителот Втулкин наводно извршил лични уплати без да му бидат презентирани било какви оригинални докази од било која банка или финансиска институција за извршени уплати, како и ставот на истиот судија дека таквото побарување за надомест на штета не застарело иако поминал период од 9 години сметано до денот на поднесувањето на тужбата, односно ставот дека со тоа што доверителот се интересирал за своето побарување и разговорал со адвокат за евентуално поднесување на тужба, претставува правен основ за прекин на застареноста, како и прифаќање на Извештај за констатирана состојба како доказ во постапката, давајќи му правна сила на вешт наод и мислење иако истиот е изработен од лица кои никогаш не биле запишани во Регистарот на вештаци), беа причини кои предизвикаа сомнение кај првотуженият (конкретно кај неговиот сопственик-основач Ристе Љуботенски) во непристрасноста на Судијата.

Воедно, сомневајќи се дека Судијата Солтир Ташков постапува пристрасно и спротивно на законските одредби, Сопственикот-основач на првотуженият Ристе Љуботенски иницираше повеќе постапки против Судијата Солтир Ташков и тоа конкретно:

- На 05.02.2020 година, од страна на Ристе Љуботенски како основач на Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип до Судски совет на РСМ е поднесена Претставка против Судијата Солтир Ташков која е заведена под УПП бр.08-75/1, а за која Судкиот совет на РСМ со посебен писмен допис го известил подносителот Ристе

Љуботенски дека Судскиот совет во врска со претставката превзема дејствија од своја надлежност.

- На 02.03.2020 година, до Основно Јавно Обвинителство за организиран криминал и корупција е поднесена Кривична пријава од Ристе Љуботенски против повеќе лица меѓу кои против Судијата Солтир Ташков за кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување„ по член 353 ст.3 од Кривичниот законик на РСМ.
- На 22.06.2021 година, од страна на Ристе Љуботенски како основач на Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип до Судски совет на РСМ е поднесена Претставка против Судијата Солтир Ташков поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција.

ДОКАЗИ: Известување по претставка УПП бр.08-75 од 25.02.2020 год. од Судски совет на РСМ;
Кривична пријава до ОЈО за организиран криминал и корупција Скопје од 02.03.2020 година;
Претставка до Судски совет на РСМ од 22.06.2021 година.

Во контекст на горенаведеното, првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, основано се сомнева дека истиот судија Солтир Ташков сега ќе постапува непристрасно, совесно и стручно по Предлог за повторување на постапката со Предлог за издавање на привремена мерка во која постапка веќе донел одлуки заради кои е предмет на претставки и кривични пријави.

Во контекст на досегашните наводи, му предлагам на Претседателот на Основниот суд во Штип, по земањето на изјава од именуваниот судија Солтир Ташков и по спроведувањето на другите потребни извиди, да го донесе следното :

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ УСВОЈУВА ВО ЦЕЛОСТ Предлогот на првотуженият Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, поднесен преку неговиот Полномошник Адвокат Гоце Цоневски од Скопје.

Судијата Солтир Ташков СЕ ИЗЗЕМА и не може да постапува односно да ја врши судиската должност во предметот П4 бр.78/15 по Предлогот за повторување на постапката со предлог за издавање на привремена мерка.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Скопје,

29.06.2021 год.

За Првотуженият,

Полном. Адв. Гоце Цоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. "Васил Главинов" бр.75-1/1
Тел. 02/3290-811 Скопје